Придружи се кон нашиот тим како ***Сервисер*** во Винора Дооел.

Винора Дооел е фирма со 25 годишно постоење на македонскиот пазар специјализирана за продажба и сервис на висококвалитетна медицинска опрема. Фирмата располага со широк асортиман на медицинска апаратура и нуди соодветни решенија во различни области од медицината. ВИНОРА ДООЕЛ Скопје, со долгогодишно искуство во продажба и сервис на медицинска опрема од познати германски произодители има потреба од 1 (едно) лице за позиција

*Сервисер на медицинска опрема*

**Потребни квалификации:**

- Минимум средно електро техничко или ВСС, електро факултет или машински.
- Искуство од 1 година во област на одржување мед.опрема се смета како предност.
- Одлично познавање на македонски и англиски; општо познавање на техничка терминологија.
- Одлично познавање на работа со компјутери - Office , Outlook, и интегрирани софтверски апликации.
- Изразена способност за комуникација колеги/клиенти и решавање проблеми.
- Јака изразеност на организираност, систематичност и темелност во работата, навремено и креативно исполнување на обврските, самоиницијативност и ориентираност кон детали. Чуство за самостојна и тимска работа и одговорност.
- Поседување на возачка дозвола Б категорија (активен возач).

**Главни одговорности:**

- Сервис на медицинска опрема од различни производители (со тренинг период).
- Работа на терен и одржување активна комуникација и следење на барањата на клиентите.
- Одговорност за редовно известување на претпоставениот за работните задачи и навремено завршување на истите.
- Справување со тековни и непредвидени задачи со ефикасност, професионалности и точност.
- Водење на точна евиденција и документација на сервисни активности.

**Нудиме:**

- Личен и професионален развој, со постојана подршка од тимот во адаптивниот период.
- Работно време од понеделник до петок 07:30h - 15:30h, однос со 40 часа неделно.
- Пријатна работна атмосфера, мотивирачко опкружување со професионалци.
- Можност за учење и стекнување нови вештини и напредување во кариерата.
- Редовна Плата (износ според образовните квалификации и работното искуство).

Доколку сметате дека Вие сте идеалната личност за оваа работна позиција, испратете ни го вашето CV на **info@vinora.com.mk** со наслов: “за работна позиција Сервисер”.

CV-ијата кои кандидатите ќе испратат, и при тоа не ги исполнуваат бараните карактеристики, нема да бидат разгледувани. Само кандидатите кои ќе влезат во најтесниот круг ќе бидат контактирани. Контактирањето на избраните кандидати ќе започне по завршувањето на огласот.